## УПАТСТВО ЗА НАЈАВА НА СИСТЕМОТ

Образовниот портал претставува полу отворен систем и сите посетители на порталот немаат привилегии да ги прегледуваат сите содржини. До почетната страна имаат пристап сите кои ќе ја посетат адресата

www.obrazovanie.edu.mk

Почетната страна изгледа како на сликата подоле




Тука се објавуваат најопшти документи поврзани со образованието во Општина Велес и настани од таа област. Секое од училиштата своите документи, информации и настани ги објавува на почетната страна од своето училиште. За посета на било која страница од училиштата потребно е да се најавите на системот.

Моментално корисници на системот се сите ученици од VI и VII основните училишта во градот, нивните родители и наставниците кои предаваат во истите училишта.

Кога ќе ја погледнете страната, во десниот дел има колона со линкови кон училиштата и некои останати линкови кон сајтови кои се наоѓаат на Интернет.

Значи, доколку се обидете да пристапите на некое од училиштата, а претходно се немате најавено на системот, страната на училиштето нема да се отвори.

За најава на системот го користиме линкот Најави се кој се наоѓа во десниот горен агол на почетната страна од порталот. Кога ќе кликнете на него се отвора следното прозорче доколку користите Internet explorer




или, доколку корисите Mozilla Firefox




Постапката е иста доколку користите било кој Интернет прелистувач, па затоа како пример ќе го користиме Internet explorer-от.



Во прозорчето во полето User name: (Корисничко име) го внесувате корисничкото име кое го имате добиено во известувањето за доделен кориснички налог добиено од страна на Општина Велес преку училишните администратори, а во полето Password: (Лозинка) ја внесувате лозинката од истото известување.

**Напомена:** За старите корисници на порталот, при најавата на системот го пишувате само корисничкото име, без @veles.edu.mk, затоа што има направено надградба на системот и доменот veles.edu.mk не е веќе во употреба.

После внесувањето на лозинката кликнуваме OK. Доколку ги имаме правилно внесено корисничкото име и лозинката, повторно ќе ни се појави почетната страна од порталот. Визуелно нема никаква разлика, но имаме привилегии за пристап до сајтовите на училиштата.



**Кои привилегии ги добиваме со најавата?**

Добиваме привилегии за прегледување (без дозвола за запишување) на сајтовите на сите училишта од порталот.

На секоја почетна страна од некое училиште од десната страна има линкови VI и VII одделение.




Преку овие линкови можеме да стигнеме до материјалите од било кој предмет кој се предава во соодветното одделение.

За враќање на почетната страна од порталот го користиме линкот : Up to Општински образовен портал, кој се наоѓа во десниот горен агол под сликичето од грбот на Општина Велес.

**Што друго добиваме со најавата на системот?**

Секој корисник има свој сопствен сајт преку кој може да споделува документи со останантите корисници на ситемот, да добива информации за активностите на другите корисници и слично. За да пристапиме на нашата страница потребно е да кликнеме на линкот Моја страница, кој се наоѓа под линкот за најава на системот.

Се отвора страница како сликата подоле:




Сега сме во нашата страница која има приватен и јавен дел. Преку јавниот дел можеме да споделиме приватни документи со останатите посетители на нашата јавна страница. За ова подетално во друго упатство.

- **Страници на училиштата**
  - **Страници на одделенијата**
    - **Страници на предметите**

На првата страна на порталот се наоѓаат врските кон училиштата кои се вклучени во образовниот портал. Овие врски водат кон соодветното училиште само доколку претходно се најавите на системот




На почетната страна на секое училиште се наоѓаат податоци поврзани со специфичното училиште. На оваа страна може да се прегледуваат и внесуваат нови општи документи, настани, да се отворат дискусии на ниво на училиште, да се објават училишни награди, да се објават нови најави или пак да се внесат слики поврзани со веќе одржани манифестации на ниво на училиштето.



На оваа страна учениците и професорите ќе можат да ја следат и реализацијата на зададените задачи(тестови). Со едноставно избирање на статусите во делот на страната кој е обележан со *Мои задачи* може да се погледнат задачите кои се наоѓаат во соодветниот статус. Истите може да бидат во рок, истечени, истекуваат денес, истекуваат оваа недела, истекуваат наредната недела, оценети или сите.

На страната на секое училиште постои врска до страната на секое одделение. На оваа страна се наоѓаат врските кон страните на предметите кои се предаваат во соодветното одделение, распоредот на секој од класовите, заеднички документи, настани, форум, галерија на слики.




Секој предмет во соодветното одделение има сопствена страна на кој ќе може да се внесуваат материјали поврзани со образовниот процес за тој предмет. На оваа страна може да се внесат материјали од типот: Годишни планови за настава, материјали за предметот, материјали за секција, најави, настани, важни интернет страници, форум.




Страна на портал -> Страна на училиште -> Страна на одделение -> Страна на предмет

Доколку се наоѓате во некои од структурите (библиотека на документи, галерија на слики, листи и др.) на некоја од страниците, а имате потреба да се вратите на почетна страна потребно е да се кликне врската *Почетна* која се наоѓа на секоја страница во левиот горен агол.

Но доколку сакате да се вратите на страната која се наоѓа на едно ниво погоре во структурата на порталот потребно е да се кликне врската кој се наоѓа во горниот лев агол на секоја страница (сл. 8).

